ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија 6б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 055
Централа.: 02 3289-000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

Од: ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
Дата: 21.09.2010

# Соопштение

## Во врска со укинување на бандероли за лекови кои потпагаат на товар на Фондот

Почитувани,

Фондот за здравствено осигурување на Македонија во соработка со фармацевтската комора на Македонија како и во соработка со дистрибутерите на лекови и аптеките, донесе одлука за укинување на бандеролите за лековите кои потпаѓаат на товар на Фондот со важност од 01.септември.2010 година.

Оваа одлука треба да донесе повеќе придобивки:

- Лековите кои паѓаат на товар на Фондот побрзо доаѓаат до крајните корисници- осигурениците,
- Се овозможува поквалитетна услуга на осигурениците,
- Се овозможува почитување на договорот на ФЗОМ со аптеките за задолжително располагање со минимум еден лек од секоја генерика, согласно потребите на осигурениците,
- Се овозможува заштеда на време и олеснување на администрацијата за дистрибуција на лековите.
- Се овозможува аптеките да издаваат што повеќе лекови кои потпаѓаат на товар на Фондот,
- Не се прават непотребни трошоци за печатење и лепење на бандеролите.

Со ова се надеваме дека ќе се овозможи уште поголема снабденост на лекови кои се на товар Фондот за здравствено осигурување на Македонија.

За секоја неправилност во работењето и непочитување на договорот на ФЗОМ со аптеките, осигурениците можат да пријават на бесплатниот телефонски број **080033222** секој работен ден од 8.30-16.30 часот, како и на е-маил адресата info@fzo.org.mk .

Бранко Аџигогов

Портпарол